РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 1409-48/2
20.06.2017 год.
СКОПЈЕ

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 4. седница одржана на 09.06.2017 година, донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - Штип

| Примено: 27.06.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг един. | Број | Прилог | Вредност |
| 0801 | 639 | 1 | |

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Современ танц" прв циклус студии на Филмска академија, при Универзитет „Гоце Делчев", Штип**

1. Се акредитира студиска програма **„Современ танц" прв циклус студии на на Филмска академија, при Универзитет „Гоце Делчев", Штип** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Дипломиран современ танчер.** Научно - истражувачко подрачје: хуманистички науки (5); научно – истражувачко поле: современа танцова уметност; научно – истражувачка област: области од полето на изведувачки уметности;

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Филмска академија, при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, прв циклус студиска програма „Современ танц“, во Април 2017, година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 4. седница одржана на 09.06.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Беким Фетаји

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14- 1284
_____________ година
СКОПЈЕ 17 -08 2017

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ... ШТИП
21-08-2017
0801 732/21

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), по Решение за давање генерално овластување број 08-8064/1 од 03.07.2017 година на министерот за образование и наука, државниот секретар во Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на тригодишни студии по Современ танц на Филмска академија при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на тригодишни студии по Современ танц на Филмска академија при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се обрати со барање бр. 0809-635/1 од 27.06.2017 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1284 од 29.06.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на тригодишни студии по Современ танц на Филмска академија при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација бр. 1409-48/2 од 20.06.2017 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1284 од 13.07.2017 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус тригодишни студии наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 14.07.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1284 од 18.07.2017 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус на тригодишни студии по Современ танц на Филмска академија при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Анета Трпевска

Доставена до:
- Примач
- Архива

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити